## Прашања од општини по однос на Првиот повик за финансирање на техничка докуметација

1. **Прашање**: Дали општина со нешто повеќе од 25,000 жители согласно последниот попис може да се аплицира за мали грантови?

**Одговор**: По исклучок, се прифаќа општините со број на жители околу 25,000 да можат да аплицираат за мали проекти/грантови (до 30,000 американски долари)

2. **Прашање**: Дали општините кои добија грант во првата фаза ке бидат со помал приоритет во рангирањето во однос на општините кои не добија грант во правта фаза?

**Одговор**: Сите општини кои добија грант во претходната фаза, може повторно да аплицираат на тековниот повик. Доделувањето на грантовите во претходната фаза на Проектот нема да има влијание врз изборот на грантови за оваа фаза.

3. **Прашање**: Дали се прифаќа изјава од градоначалник за кофинансирање, доколку нема одлука на Совет?

**Одговор**: Доколку во моментот на аплицирање, не постои одлука на Советот, истото нема да биде причина за елиминирање на апликацијата. Во таков случај, доволна ќе биде потпишана изјава од градоначалникот или директорот на соодветниот центар за развој на планскиот регион. Одлуките на советите, доколку им се потребни на самите баратели на грант, може да се обезбедат подоцна во текот на процесот на евалуација на апликациите.

4. **Прашање**: Дали објект кој би содржел простории за социјални и здравствени услуги, гимнастичка сала, куглана, деловен простор и сместувачки капацитет е подобен за апликација.

**Одговор**: Доколку приоритетна/примарна дејност на проектот е обезбедување на социјални, здравствени и други јавни услуги, тогаш истиот може да се прифати како релевантен повеќенаменски објект. За да се зголеми веројатноста истиот да биде финансиран, пожелно е проектот да биде со вграден пристап кон услуги за лица со посебни потреби.

Намената на објектот треба да биде соодветно опишана во согласност со категориите/типовите на релевантни проекти за Првиот повик (Табела 2 од Повикот).

Доколку станува збор исклучително за спортски објект (сала), освен ако не е за потребите на училишта (како корисници или управители), тогаш истите не се прифаќаат за финансирање во рамките на овој повик.

5. **Прашање**: Кои документи се потребни за аплицирање?

**Одговор**: Потребните документи за аплицирање се наведени во Листата за проверка во рамките на Анекс 1 на Повикот (Формулар за поднесување на барањето на грант).

6. **Прашање**: Дали една општина може со едно барање да аплицира за проектна документација за изградба на објекти во различни населени места во рамките на општината?

**Одговор**: Во рамките на една апликација се прифаќа да бидат опфатени проекти од различна категорија и тип на повеќе локации доколу одделните проекти ги исполнуваат барањата по однос на релевантност (Табела 2 од Повикот) и другите општи барања.

7. **Прашање**: Дали со повикот се прифаќаат проекти за спортско-рекреативни комплекси кои би се граделе од нула?

**Одговор**: Со повикот не се предвидува поддршка на проекти за спортски сали доколку тие не се користат или управуваат од страна на училишта. Од друга страна, повикот предвидува можност за проекти кои вклучуваат уредување и подобрување на јавни повеќенаменски простори (на пр., спорт, рекреација, семејни и социјални активности).

Доколку предложениот проект вклучува уредување на јавни повеќенаменски простори, а исто така предвидува повеќенаменски објект кој може да се користи од страна на училишта, тогаш истиот може да се прифати за финансирање. За да се зголеми веројатноста за финансирање, пожелно е проектот да вклучува и дополнителни аспекти кои произлегуваат од релеватните категории/типови на проекти од Табела 2 од повикот.

Проектот може да биде за реконструкција/надградба на постоен објект, или изградба на нов објект.

8. **Прашање**: Дали е потребна одлука за утврдување на приоритетите и одлука за кофинансирање на проект донесена од страна на совет?

**Одговор**: Постоењето на одлука од Совет за утврдување на приоритет од проектот не е задолжителна. Сепак, доколку постои, истата би резултирала со повисоки поени при евалуацијата. Исто така, предложениот проект би бил повисоко евалуаиран ако произлегува од претходно усвоен план или програма, или истиот е дефиниран во рамките на партиципативен процес (на пр., во рамките на форуми на заедниците). Овие аспекти треба да бидат опфатени во формуларот за аплицирање.

9. **Прашање**: Дали доколку една општина аплицира самостојно за голем проект, и се јавува како корисник во апликација од плански регион, притоа може да учествува во кофинансирањето во вториот случај?

**Одговор**: Да

10. **Прашање**: Дали при пресметка на буџетот на проектот за конкретен основен проект за објект од висока градба да се водиме од тарифникот за инжинерски услуги?

**Одговор**: Планирањето на буџетот треба да биде врз основа на претпоставката дека ќе се изработува висококвалитетна и комплетна техничка документација. Специфичните барања за квалитет ќе бидат вклучени во соодветните Проектни задачи кои што општините/центрите ќе ги изработат со поддршка на надворешни експерти. Тоа ќе се направи на начин да се избегнат негативните ефекти од изборот на проектанти на принцип на најниска цена.

Тарифникот може да се користи како ориентација, но нема да постои обврска од страна на УНДП истиот да се користи при реализацијата на средствата од грантот. Доколку примената на тарифникот постане законска обврска за добитниците на грант согласно домашната регулатива, тогаш проектот ќе се усогласи со неговата примена. Сепак, и во ваков случај, нема да има промени на условите на повикот по однос на максималната вредност на грантовите.

Се препорачува при поготовка на буџетот да се користат експерти за проценка на ангажман на проектанти (проектански денови по сите потребни фази на подготовка) со цел да се постигне најдобар квалитет за крајниот резултат.

Најдобрите меѓународни практитки за пресметка на проектантски/консултантски услуги ја следат следната методологија:

1. Чекор 1 - ***Пресметка на трошоци за работна рака (консултантски/проектантски трошоци)***

   Број на проектанти со Овластување А за проектирање (по сите фази поодделно) **x** број на денови **x** единечна цена (денари/ден) **=** Трошоци за работна рака за проектанти со Овластување А

   Број на проектанти со Овластување Б за проектирање (по сите фази поодделно) **x** број на денови x единечна цена (денари/ден) **=** Трошоци за работна рака за проектанти со Овластување Б

**Вкупни трошоци за работна рака** = Трошоци за работна рака за проектанти со Овластување А + Трошоци за работна рака за проектанти со Овластување Б

2. Чекор 2 – ***Пресметка на трошоци за испитувања на терен*** :

**Вкупни трошоци за испитувања на терен** = Трошоци за Геодетски снимања + Трошоци за геомеханички испитувања + Трошоци за хидролошки испитувања + други трошоци за испитувања на терен

3. Чекор 3 – ***Пресметка на Други директни трошоци (ДДТ)***

**Вкупно ДДТ** = Трошоци за транспорт (вкупно km x денари/km) + Трошоци за податоци/дозволи потребни за проектирање + трошоци за комуникации (телефон, извешаи итн) + трошоци за копирање на техничка документација + друго

4. Чекор 4 – **Пресметка на маржа за проектантска фирма** (процентуални трошоци за: струја, вода, кирија, администативни трошоци, процент за плати за персонал кој не учесвува во подготовка на техничката документација , итн)

**Маржа** = 30 – 35% x (Вкупни трошоци за работна рака + Вкупни трошоци за испитувања на терен + Вкупно ДДТ)

5. Чекор 5 – Пресметка на **Профит за проектантската фирма**

**Профит** = 10-15% x ( Вкупни трошоци за работна рака + Вкупни трошоци за испитувања на терен + ДДТ + Маржа)

**ВКУПНО Проценка на Буџет за проектантски/консултантски услуги = Вкупни трошоци за работна рака + Вкупни трошоци за испитувања на терен + Вкупни Други Директни Трошоци (ДДТ) + Маржа + профит**

11. **Прашање**: Дали студија и комплетна техничка документација за згрижување на кучиња скитници е тоа подобен проект?

**Одговор**: Проекти за згрижување на кучиња скитници се прифаќаат како релевентни во рамките на повикот.

12. **Прашање**: Кој е вкупниот нето износ на средства што барателите на грант може да го обезбедат од страна на УНДП?

**Одговор**: Повикот го дефинира максималниот нето грант што може да се уплати од страна на УНДП и тоа 30,000 УСД за мали проекти/грантови и 70,000 УСД за големи проекти/грантови (според курсот на УСД-МКД дефиниран од страна на УНДП на денот на потпишување на договорите за грант).

Практично, можно се две сценарија за финансирање и тоа:

1. Вредноста на набавката за проектирање да биде еднаква или пониска од максималната вредност на грантот
2. Вредноста на набаваката да биде повисока од максималната вредност на грантот

Во првиот случај, добитникот на грант ќе финансира најмалку 20% од вредноста на проектирањето, а остатокот на средствата до вредноста на договорот за проектирање ќе го финансира УНДП. На тој начин, добитникот на грант ќе добие помала од максималната вредност на грантот.

Во вториот случај, УНДП ќе го префрли вкупниот износ на грантот (30,000 или 70,000 УСД), а останатите трошоци до вкупната вредност на договорот за проектирање ќе ги покрие добитникот (или добитниците) на грантот. Во овој случај добитникот/ците на грант треба да кофинансираат повеќе од 20% од вредноста на грантот.

13. **Прашање**: Од досегашно искуство за да проектна документација биде навистина применлива за аплицирање кај донатор да се води сметка да се земат во предвид сите фази при подготовка на проектна документација

**Одговор**: Тоа ќе биде случај со овој повик. Идејата е да се добие висококвалитетна комплетна техничка документација. За таа цел, надворешна помош ќе биде обезбедена од страна на тим на експерти/тренери од различни аспекти на градежните проекти. Насоките за обезбедувањето на висококвалитетна документација (на пр., преку изработка на квалитетни Проектни задачи) ќе бидат дадени во Прирачник кој ќе произлезе од заедничката работа на проекто.

14. **Прашање**: Дали на постоечка површина предвидена со ДУП каде е предвидено изградба на Боемски парк што ќе биде во функција на граѓаните од урбана заедница може да изработат проект како ќе изгледа?

**Одговор**: Во општ случај, доколку предложениот проект вклучува комбинација на индивидуални интервенции/објекти кои може да се вбројат во релевантните категории/типови на проекти од Табела 2, тогаш истиот ќе биде прифатен за релевантен. Проект кој вклучува „Уредување и подобрување на јавни повеќенаменски простори за различен тип на социјални активности“ се смета релевантен за финансирање.

15. **Прашање**: Дали може да се аплицира проект за реконструкција на веке постоечки спортско рекреативен центар (градски базен, тениски игралишта, голф терени и др.)

**Одговор**: Само доколку истиот се користи или се управува од страна на училиште, согласно предвиденото во Табела 2 од повикот.

16. **Прашање**: Дали може да се аплицира со повеќе предлог проекти од една општина и тие посебно да се евалуираат од ваша страна, или треба само еднен предлог проект да се испрати од општина

**Одговор**: Една општина може да аплицира само со еден проект. Сепак, не постои пречка општината да биде дел од друг меѓуопштински или регионален проект.

17. **Прашање**: Дали во случај ако аплицират две партнерски општини, техничката документација да се однесува на еден заеднички проект како на пр. изградба на пат, или може да биде изработка на техничка документација за исти проекти

**Одговор**: Во најдобар случај, проектите од партнерски општини треба да бидат тематски сродни (на пр., патна или хидротехничка инфраструктура) или функционално порзани (на пр., патно поврзување помеѓу две или повеќе општини). Ваквиот тип на проекти ќе бидат повисоко оценувани.

Доколку тоа не е случај, односно ако проектите не се сродни или функционално поврзани, сепак потребно е барем да имаат заеднички стратешки цели од општинските стратешки или акциони документи (на пример: во економски, инфраструктурен, образовен или социјален развој).

18. **Прашање**: Сакаме да аплицираме за техничка документација за изградба на културен дом. Новиот ДУП е во фаза на носење и каде е предвидена маркица за изградба на културен дом. дали се финансира ваква техничка документација? И дали е проблем што ДУП ќе биде донесен до средината на годината.

**Одговор**: Усвојување, носење на ДУП-ови или други стратешки документи и/или решавање на имотно-правни односи може да трае долго време. Од тие причини апликацијата за подршка при изработка на техничка документација мора да докаже дека сите стратешки документи (вклучувајки и ДУП) се усвоени, и нема никакви имотно-правни спорови или отворени прашања за реализација на предложениот проект.

19. **Прашање**: Дали апликација треба да биде поврзана со резултатите од првата фаза на проектот, односно да претставува континуитет на мерките утврдени во претходно изработена Физибилити студија?

**Одговор**: Новиот проект може, но не мора да биде поврзан со претходно изработената техничка документација со поддршка на проектот (на пр., физибилити студија или идеен проект).

20. **Прашање**: Дали може само 1 општина да аплицира или мора проектот да биде меѓуопштински?

**Одговор**: Проектот може да биде поднесен од страна на една општина или да биде меѓуопштински/регионален.

21. **Прашање**: Дали може во рамките на повикот да се аплицира за детски парк / игралиште / мултифункционална зона?

**Одговор**: Да, доколку проектот може да се дефинира согласно категориите/типовите проекти дефинирани во Табела 2, на пример во овој случај „Уредување и подобрување на јавни повеќенаменски простори (на пр., спорт, рекреација, семејни и социјални активности)“

22. **Прашање**: Дали да се фокусираме на поголеми проекти или помали проекти за кои реално би имало можност за аплицирање и обезбедување на средства (место цело водоводна мрежа – да се опфати само дел/крак)?

**Одговор**: Проектите треба да бидат димензионирани според достапниот/максималниот буџет за грантови обезбеден од страна на проектот и можноста за сопствено финансирање.

23. **Прашање**: Кога општините ќе носат одлуки за кофинансирање, дали мора да го наведат името на проектот од каде што е Повикот или може да е општа одлука за кофинансирање

**Одговор**: Одлуката може да биде на име на самиот проект или во форма на општа поддршка за учество во активностите поврзани со Фондот за техничка документација и повикот за обезбедување на грантови.

24. **Прашање**: Во делот на енергетска ефикасност, кои објекти во општината се подобни?

**Одговор**: Јавни објекти од каков било тип (на пр., училишта, општински згради, комунални претпријатија). Средствата не можат да се користат за поддршка на енергетска ефикасност во објекти од приватна сопственост.

25. **Прашање**: Дали може да се аплицира за иста документација како во претходниот повик (веќе изработена), па со ново аплицирање да се корегира согласно новите цени на пазарот, услови итн.

**Одговор**: Не се прифаќаат апликации за повторна изработка или доработка на постојна техничка документација веќе поддржана од страна на проектот на УНДП во рамките на претходните повици. Доколку техничката документација е изработена од друг извор на финансирање и истата се смета за недоволно квалитетна или несоодветна, тогаш може да се бара финансирање во рамките на овој повик.